# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Вторник, 29 мај 2001
Скопје
Број 41 Год. LVII

Аконтацијата за 2001 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 280 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**822.**

**У К А З БР. 23**

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92)

Се поставува по мирновремена и воена формација за командант на 1. пешадиска бригада "А" во 1. Армиски корпус во генералштабот на Армијата на Република Македонија
полковник Стојановски Душан Мирослав
ФЧ: бригаден генерал, по формација: бригаден генерал, лична ВЕС: 31139, ЕМБГ: 1007959450089
до сега: Раководител на катедрата за физичко воспитување и спорт во Секторот за НИР во Воената академија во Министерството за одбрана.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-749
28 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**823.**

**У К А З БР. 24**

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92)

Се поставува по мирновремена и воена формација за заменик на командантот во Командата за обука во генералштабот на Армијата на Република Македонија
бригаден генерал Газафер Беќет Адил
ФЧ: бригаден генерал, по формација: бригаден генерал, лична ВЕС: 31140, ЕМБГ: 051294710028
до сега: Командант на 1. пешадиска бригада "А", во 1. Армиски корпус, во генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-750
28 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**824.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НИВО НА ЦЕНА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КАЈ ГОЛЕМИТЕ ПОТРОШУВАЧИ - ГОЛЕМИ МЕТАЛУРШКИ КАПАЦИТЕТИ, ТРЕТИРАНИ КАКО ПРИВИЛЕГИРАНИ ПОТРОШУВАЧИ ВО ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на пречистениот текст на Одлуката за утврдување на ниво на цена на електрична енергија кај големите потрошувачи - големи металуршки капацитети, третирани како привилегирани потрошувачи во претходните години, УО бр. 02-1989/31/1.1 од 25.04.2001 година, донесена од Управниот одбор на ЈП "Електростопанство на Македонија" - Скопје, на седницата одржана на 25.04.2001 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2218/1
18 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**825.**

Врз основа на член 22, став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/96, 28/97 и 18/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22. 05. 2001 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН "ДЕВЕ БАИР"**

1. Со оваа одлука се донесува изменување и дополнување на урбанистичкиот план за граничниот премин "Деве Баир" помеѓу Република Македонија и Република Бугарија.

2. Составен дел на оваа одлука е елаборатот "Изменување и дополнување на урбанистичкиот план "Деве Баир", кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за транспорт и врски.

3. Се овластува министерот за транспорт и врски да ги завери графичките прилози на урбанистичкиот план.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3163/1
22 мај 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**826.**

Врз основа на член 31 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22. 05. 2001 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ПО ОСНОВ НА СУБВЕНЦИИ ЗА 2001 ГОДИНА**

I. Точката II од Одлуката за распределба на средствата по основ на субвенции за 2001 година ("Службен весник на РМ" бр. 30/2001) се дополнува со следниве корисници:

| | |
|---|---|
| 1. "Флака" | 720.000 |
| 2. "Влера" | 200.000 |
| 3. "Дрини" | 80.000 |
| 4. "Гљоби" | 180.000 |

5. "Превентива" 80.000
6. "Лајмс" 80.000
7. "Резја" 80.000

II. Ова дополнување на Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3036/1
22 мај 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**827.**

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2000, 103/2000 и 34/2001), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 09. 05. 2001 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На "Инвестбанка" АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност-десетта емисија на 6.000 обични акции во вредност од 16.020.000 денари.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-360/7
10 мај 2001 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**828.**

Врз основа на член 183 став 2 од Царинскиот закон ("Службен весник на РМ" бр. 21/98, 29/98, 63/98, 86/99, 25/2000, 109/2000 и 31/2001), министерот за финансии, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА НА СТОКИТЕ ДОБИЕНИ КАКО СТРАНСКИ ДОНАЦИИ

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за ослободување од плаќање царина на стоките добиени како странски донации ("Службен весник на РМ" бр. 26/2001), во член 1 по зборот "подарок" се додаваат зборовите: "и при увозот на стоки купени од паричните средства кои се добиени како подарок".

Член 2

Во член 2 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Кога се увезува стока која е купена од паричните средства добиени како подарок, покрај податоците и исправите од ставовите 1 и 2 на овој член, на царинскиот орган му се доставува и доказ од банка дека добиените парични средства како подарок се внесени, односно евидентирани на сметка на примачот на донацијата".

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-4417/1
21 мај 2001 година
Скопје

Министер,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**829.**

Врз основа на член 4-д, став 4 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/2000 и 11/2001 година), министерот за финансии донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТАРОТ НА КОРИСНИЦИТЕ И ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на водење на Регистарот на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија (во натамошниот текст: Регистар на корисници).

Член 2

Регистарот на корисници претставува посебна матична евиденција за корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија (во натамошниот текст: корисници).

Член 3

Регистарот на корисниците што се води при Министерството за финансии се води ажурно и со сите податоци согласно со овој правилник.

Во Регистарот на корисниците се внесуваат следните податоци:

1. Реден број 01 - раздел и глава

Под реден број 01 се внесува нумеричка ознака на разделот и главата од Буџетот на Република Македонија, на кој корисникот припаѓа со контролен број (шест цифри).

2. Реден број 02 - реден број на Регистарот

Под реден број 02 се внесува нумеричка ознака на редниот број во Регистарот на корисници, со контролен број според утврдениот модел (пет цифри). Податокот за реден број се зема од книгата на контролните броеви.

При автоматизирана постапка на отворање на Регистар на корисници, редниот број на Регистарот се доделува автоматски.

3. Реден број 03 - назив на корисникот

Под реден број 03 се внесува потполниот назив на корисникот утврден со пропис, решение или друг соодветен акт (210 знаци).

4. Реден број 04 - скратен назив на корисникот

Под реден број 04 се внесува скратениот назив на корисникот (најмногу 72 знака).

5. Реден број 05- место

Под реден број 05 се внесува името на местото, каде што се наоѓа седиштето на корисникот во Република Македонија (најмногу 27 знаци).

6. Реден број 06 - поштенски број

Под реден број 06 се внесува поштенскиот број на местото каде што се наоѓа седиштето на корисникот според пописот на поштенските броеви во Република Македонија (5цифри).

7. Реден број 07 - улица и број

Под реден број 07 се внесува улицата и бројот каде што се наоѓа седиштето на корисникот (38 знаци).

8. Реден број 08 - општина

Под реден број 08 се внесува ознаката на општината во која се наоѓа седиштето на корисникот (6 цифри).

9. Реден број 09 - број на жиро - сметката

Под реден број 09 се внесува бројот на жиро - сметката на корисникот која е поделена на четири дела. Првиот дел се состои од 5 цифри и се внесува оперативниот број на организационата единица на Заводот за платен промет, вториот дел од 3 цифри и се внесува бројот на сметката, третиот дел од 3 цифри во кој се внесува бројната ознака на општината и четвртиот дел од 7 цифри во кој се внесува бројот на индивидуалната партија за соодветната сметка.

10. Реден број 10 - матичен број од единствениот регистар.

Под реден број 10 се внесува матичниот број од единствениот регистар на имателот на сметката, кој со решение му го доделува органот надлежен за работите на статистика (7 цифри).

11. Реден број 11 - шифра на дејност

Под реден број 11 се внесува шифрата на дејноста, која се води во органот надлежен за работите на статистика (6 цифри).

12. Реден број 12 - број на телефон

Под реден број 12 се внесува бројот на телефонот на корисникот со бројот за повикување преку кој најбрзо може да се воспостави контакт со одговорниот за финансиите (13 цифри).

13. Реден број 13 - број на телефакс

Под реден број 13 се внесува бројот на телефаксот на корисникот со бројот за повикување, на кој можат да се испратат соодветни информации или барања (13 цифри).

14. Реден број 14 - име и презиме на лицето кое е овластено за застапување

Под реден број 14 се внесува името и презимето на лицето кое е овластено за застапување на корисникот (30 знаци).

15. Реден број 15 - единствен матичен број на лицето кое е овластено за застапување

Под реден број 15 се внесува единствениот матичен број на лицето кое е овластено за застапување на корисникот (13 цифри).

16. Реден број 16 - датум на запишување во Регистарот на корисниците

Под реден број 16 се внесува датумот кога корисникот е запишан во Регистарот на корисниците (8 цифри),

17. Реден број 17 - датум на бришење на корисникот во Регистарот на корисниците

Под реден број 17 се внесува датумот кога корисникот е избришан од Регистарот на корисниците (8 цифри).

18. Реден број 18 - датум на последна промена

Под реден број 18 се внесува датумот на последната промена на податоците (8 цифри).

19. Реден број 19 - корисник на Буџетот/единка корисник

Под реден број 19 се внесува ознаката "1" за корисник на средства од Буџетот (прва линија), а ознаката "2" за единка корисник на средства од Буџетот (втора линија).

20. Реден број 20 - сметка за средства на буџетските корисници од областа на високото образование остварени од самофинансирачки активности

Под реден број 20 се внесува бројот на сметката за средствата на буџетските корисници од областа на високото образование остварени од самофинансирачки активности која е поделена на четири дела. Првиот дел се состои од 5 цифри и се внесува оперативниот број на организационата единица на Заводот за платен промет, вториот дел од 3 цифри и се внесува бројот на сметката, третиот дел од 3 цифри во кој се внесува бројната ознака на општината и четвртиот дел од 7 цифри во кој се внесува бројот на индивидуалната партија за соодветната сметка.

21. Реден број 21 - датум на запишување во Регистарот на корисниците

Под реден број 21 се внесува датумот кога сметката е запишана во Регистарот на корисниците (8 цифри).

22. Реден број 22 - датум на бришење на сметката од Регистарот на корисниците

Под реден број 22 се внесува датумот кога сметката е избришана од Регистарот на корисниците (8 цифри).

23. Реден број 23- сметка на буџетски приходи остварени од услуги на буџетските корисници

Под реден број 23 се внесува сметката на буџетските приходи остварени од услуги на буџетските корисници, која е поделена на четири дела. Првиот дел се состои од 5 цифри и се внесува оперативниот број на организационата единица на Заводот за платен промет, вториот дел од 3 цифри и се внесува бројот на сметката, третиот дел од 3 цифри во кој се внесува бројната ознака на општината и четвртиот дел од 7 цифри во кој се внесува бројот на индивидуалната партија за соодветната сметка.

24. Реден број 24 - датум на запишување во Регистарот на корисниците

Под реден број 24 се внесува датумот кога сметката е запишана во Регистарот на корисниците (8 цифри).

25. Реден број 25 - датум на бришење на сметката од Регистарот на корисниците

Под реден број 25 се внесува датумот кога сметката е избришана од Регистарот на корисниците (8 цифри).

26. Реден број 26 - сметка за средства на буџетските корисници добиени по основа на донации

Под реден број 26 се внесува сметката за средства на буџетските корисници добиени по основа на донации, која е поделена на четири дела. Првиот дел се состои од 5 цифри и се внесува оперативниот број на организационата единица на Заводот за платен промет, вториот дел од 3 цифри и се внесува бројот на сметката, третиот дел од 3 цифри во кој се внесува бројната ознака на општината и четвртиот дел од 7 цифри во кој се внесува бројот на индивидуалната партија за соодветната сметка.

27. Реден број 27 - датум на запишување во Регистарот на корисниците

Под реден број 27 се внесува датумот кога сметката е запишана во Регистарот на корисниците (8 цифри).

28. Реден број 28 - датум на бришење на сметката од Регистарот на корисниците

Под реден број 28 се внесува датумот кога сметката е избришана од Регистарот на корисниците (8 цифри).

29. Реден број 29- сметка за средства на буџетските корисници добиени по основа на кредити

Под реден број 29 се внесува сметката за средства на буџетските корисници добиени по основа на кредити која е поделена на четири дела. Првиот дел се состои од 5 цифри и се внесува оперативниот број на организационата единица на Заводот за платен промет, вториот дел од 3 цифри и се внесува бројот на сметката, третиот дел од 3 цифри во кој се внесува бројна ознака на општината и четвртиот дел од 7 цифри во кој се внесува бројот на индивидуалната партија за соодветната сметка.

30. Реден број 30 - датум на запишување во Регистарот на корисниците

Под реден број 30 се внесува датумот кога сметката е запишана во Регистарот на корисниците (8 цифри).

31. Реден број 31 - датум на бришење на сметката од Регистарот на корисниците

Под реден број 31 се внесува датумот кога сметката е избришана од Регистарот на корисниците (8 цифри).

32. Реден број 32 - сметка за средства на буџетските корисници остварени од самофинансирачки активности

Под реден број 32 се внесува сметката за средства на буџетските корисници остварени од самофинансирачки активности, која е поделена на четири дела. Првиот дел се состои од 5 цифри и се внесува оперативниот број на организационата единица на Заводот за платен промет, вториот дел од 3 цифри и се внесува податок за број на сметка, третиот дел од 3 цифри во кој се внесува бројната ознака на општината и четвртиот дел од 7 цифри во кој се внесува бројот на индивидуалната партија за соодветната сметка.

33. Реден број 33 - датум на запишување во Регистарот на корисниците

Под реден број 33 се внесува датумот кога сметката е запишана во Регистарот на корисниците (8 цифри).

34. Реден број 34 - датум на бришење на сметката од Регистарот на корисниците

Под реден број 34 се внесува датумот кога сметката е избришана од Регистарот на корисниците (8 цифри).

Член 4

Податоците за корисниците се внесуваат од документацијата на корисникот на образецот РКБ- Регистар на корисници и единки корисници на средства од Буџетот, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Промените на податоците кои ќе настанат по првиот упис во Регистарот на корисниците, по хронолошки ред се запишуваат во образецот ПМП-Промени во матичните податоци за корисникот/единката корисник на средства од Буџетот, кој е составен дел на овој правилник.

Документацијата за настанатите статусни и други промени се доставува до Министерството за финансии најдоцна 10 дена од денот на настанатата промена.

Податокот за редниот број на корисникот во Регистарот на корисници не може да се менува.

Член 6

По внесувањето на податоците во Регистарот на корисници се формира досие за корисникот со образец РКБ, заедно со документацијата врз основа на која е запишан во Регистарот на корисници и евиденција за извршените промени.

Член 7

Досието на корисникот кој престанал да биде корисник на средства од Буџетот на Република Македонија, се затвора, посебно се архивира и се одложува според редниот број на Регистарот на корисниците.

Член 8

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на водењето на Регистарот на корисниците и единките корисници на Буџетот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 22/98).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12/1-10038/1 Министер,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

ОБРАЗЕЦ РКБ

## РЕГИСТАР
### на корисници и единки корисници на средства од Буџетот на Република Македонија

А. Податоци за буџетскиот корисник

01 Раздел и глава ____________

02 Реден број на Регистарот ____________

03 Назив на корисникот ____________

04 Скратен назив на корисникот ____________

05 Место ____________

06 Поштенски број ____________

07 Улица и број ____________

08 Општина ____________

09 Број на жиро-сметка ____________

10 Матичен број од единствениот регистар ____________

11 Шифра на дејност ____________

12 Број на телефон ____________

13 Број на телефакс ____________

14 Име и презиме на лицето овластено за застапување

15 Единствен матичен број на лицето овластено за застапување ____________

16 Датум на запишување во Регистарот ____________

17 Датум на бришење на корисникот во Регистарот ____________

18 Датум на последна промена ____________

19 Корисник на буџет/единка корисник

Б. Сметки за посебни намени

20 Сметка за средства на буџетските корисници од областа на високото образование остварени од самофинансирачки активности ____________

21 Датум на запишување во Регистарот ____________

22 Датум на бришење на сметката во Регистарот ____________

23 Сметка на буџетски приходи остварени од услуги на буџетските корисници ____________

24 Датум на запишување во Регистарот ____________

25 Датум на бришење на сметката во Регистарот ____________

26 Сметка за средства на буџетските корисници добиени по основ на донации ____________

27 Датум на запишување во Регистарот ____________

28 Датум на бришење на сметката во Регистарот ____________

29 Сметка за средства на буџетските корисници добиени по основ на кредити ____________

30 Датум на запишување во Регистарот ____________

31 Датум на бришење на сметката во Регистарот ____________

32 Сметка за средства на буџетските корисници остварени од самофинансирачки активности ____________

33 Датум на запишување во Регистарот ____________

34 Датум на бришење на сметката во Регистарот ____________

Во________ ___ 20__ год. Печат

____________

(Потпис на лицето кое го води Регистарот)

ОБРАЗЕЦ ПМП

## ПРОМЕНИ ВО МАТИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА КОРИСНИКОТ/ ЕДИНКАТА КОРИСНИК НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ

Регистарски број ☐☐☐☐☐ Назив ______________________

сметка за која се вршат измени ☐☐☐☐☐ ☐☐☐ ☐☐☐ ☐☐☐☐☐☐☐

Оперативен број на седиштето | Основна сметка | општина | индивидуална партија

| Реден број на Образецот РКБ | Нов податок | Дата на промена (ДД ММ ГГ) | Потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**830.**

Врз основа на член 4-г став 2 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93, 3/94, 71/96, 46/00 и 11/2001), министерот за финансии донесува

## УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ И ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ ПРИ ТРЕЗОРСКОТО РАБОТЕЊЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишува начинот на постапување на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот, при трезорското работење: отворањето и функционирањето на сметките на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија (во натамошниот текст: Буџетот) при вршењето на пренос на средства и плаќања од тие сметки; изготвувањето, доставувањето и одобрувањето на месечните планови на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот (во натамошниот текст: буџетски корисници); доставувањето и одобрувањето на барањата за плаќање на буџетските корисници и доставувањето на податоци за ненамирените обврски на буџетските корисници.

### II. ОТВОРАЊЕ НА СМЕТКИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

2. Согласно со Единствениот план на сметки за вршење на платниот промет во Заводот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/94, 7/95, 37/98 и 111/2000), буџетските корисници, покрај сметките за редовно работење можат да имаат и посебни сметки и тоа:

- 631 - Сметка за буџетски приходи остварени од услуги на буџетските корисници,
- 785 - Средства на буџетските корисници добиени по основ на донации,
- 786 - Средства на буџетските корисници добиени по основ на кредити,
- 787 - Средства на буџетските корисници остварени од самофинансирачки активности и
- 788 - Средства на буџетските корисници од областа на високото образование за приходите остварени од самофинансирачки активности.

3. За отворање на сметка за редовно работење и посебните сметки се доставува барање до Министерството за финансии, заедно со пополнет Формулар за отворање на сметка за корисници и единки корисници на Буџетот на Република Македонија, даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на Упатството.

Доколку со Буџетот не е планиран извор на приход, покрај барањето за отворање на сметката, до Министерството за финансии се доставува и барање за дополнување на буџетот на соодветниот корисник.

### III. УПЛАТИ И ИСПЛАТИ НА СМЕТКАТА НА БУЏЕТОТ И НА СМЕТКИТЕ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

4. На товар на сметката на Буџетот се врши:

- пренос (трансфер) на средства на сметките за редовно работење на буџетските корисници, кога тие имаат доставени барања за плаќања и истите се одобрени од Министерството за финансии, со цел истиот ден буџетските корисници од тие средства да извршат плаќања од нивните сметки за редовно работење,
- директни плаќања на правни и физички лица кои не се буџетски корисници (во натамошниот текст: небуџетски корисници) и
- враќање, односно сторнирање на повеќе уплатен данок на даночните обврзници.

Во корист на сметката на Буџетот се вршат уплати по основ на:

- даночни приходи,
- неданочни приходи и
- враќање на неисплатени, а претходно пренесени средства, од сметките за редовно работење на буџетските корисници.

5. Буџетските корисници на товар на сметката за редовно работење вршат:

- плаќања на своите обврски на небуџетски корисници и на посебните сметки на другите буџетски корисници (освен на сметките за донации и кредити),
- пренос на средства на своите посебни сметки за донации и кредити по основ на буџетско учество по одредени проекти и
- враќање на неисплатени, а претходно пренесени средства на сметката на Буџетот, односно на својата сметка за буџетски приходи.

Во корист на сметката за редовно работење на буџетските корисници се врши:

- пренос на средства од Буџетот, односно од својата сметка за буџетски приходи и
- враќање на неискористени средства од сметка на акредитив, упатница или привремена сметка на платниот промет.

6. Буџетските корисници од сметката за буџетски приходи можат да вршат пренос на средства само на својата сметка за редовно работење .

Во корист на сметката за буџетски приходи се вршат:

- разни уплати од небуџетски корисници и од сите сметки на другите буџетски корисници ( со исклучок на сметката за буџетски приходи), и
- враќање на неисплатени, а пренесени средства, од сметката за редовно работење.

7. Буџетските корисници на товар на сметката за самофинансирачки активности вршат плаќања по разни основи на небуџетските корисници, како и на сите посебни сметки на другите буџетски корисници (освен на сметките за донации и кредити).

Во корист на сметката за самофинансирачки активности се вршат:

- плаќања од небуџетски корисници, како и од сите сметки на други буџетски корисници (освен од сметката за буџетски приходи) и
- враќање на неискористени средства од сметка на акредитив, упатница или привремена сметка на платниот промет.

8. Буџетските корисници на товар на сметките за донации вршат плаќања по разни основи на небуџетските корисници и на сметките за буџетски приходи и за самофинансирачки активности на другите буџетски корисници.

Во корист на сметките за донации се вршат:

- уплати за донации од сметки на небуџетски корисници,
- пренос од сметките за редовно работење на истиот буџетски корисник по основ на уплата на учеството на Буџетот и
- враќање на неискористени средства од сметка на акредитив, упатница или привремена сметка на платниот промет.

9. Буџетските корисници на товар на сметките за кредити вршат плаќања по разни основи на небуџетските корисници, на сметките за самофинансирачки активности и на сметките за буџетски приходи на другите буџетски корисници.

Во корист на сметките за кредити се вршат:

- уплати од сметките на доверителите,
- пренос од сметката за редовно работење на истиот буџетски корисник по основ на учество на Буџетот и
- враќање на неискористени средства од сметка на акредитив, упатница или привремена сметка на платниот промет.

10. Функционирањето, односно комуникациите на сметките се дадени во Прегледот на функционирање на сметката на Буџетот, сметките за редовно работење на буџетските корисници и посебните сметки на буџетските корисници, кој е даден во Прилог бр. 2 на Упатството и е негов составен дел.

11. Во случај на погрешно уплатени или повеќе уплатени средства од сметките за редовно работење на буџетските корисници, враќањето на средствата се врши прво на сметките за редовно работење, а потоа истиот ден и на сметката на Буџетот, односно сметките на буџетските корисници секој ден завршуваат со салдо "0".

Сторнирање на погрешно уплатените или повеќе уплатените средства се врши врз основа на поднесено писмено барање од буџетскиот корисник со образложение за настанатата грешка и приложена писмена изјава од примачот на средствата дека погрешно примил средства на својата сметка, до Заводот за платен промет.

## IV. ИЗГОТВУВАЊЕ, ДОСТАВУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИ ПЛАНОВИ

12. Врз основа на годишниот Буџет, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог на месечен план, кој го доставуваат до Министерството за финансии , најдоцна пет дена пред почетокот на месецот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Месечниот план на трошоци даден во Прилог бр. 3, кој е составен дел на Упатството, се изготвува поодделно за секоја сметка, по програми, потпрограми и расходни ставки (освен за расходните ставки 401 и 402).

Расходните ставки 401 и 402 се одобруваат по доставена комплетна документација за исплата на плати и надоместоци.

13. Буџетските корисници доставуваат до Министерството за финансии документација за исплата на плати и тоа: барање за исплата на плата, превоз и храна, рекапитулација за пресметани плати (Образец ПДД-МП), ЈА-1-образец и платен список на вработени по квалификациона структура.

Корисниците на средствата од Буџетот (прва линија) кои во својот состав имаат единки корисници на средства од Буџетот, врз основа на поединечните пресметки примени од единките, доставуваат збирна пресметка. Со збирната пресметка доставуваат и платен список на вработените по квалификациона структура за секоја единка поодделно.

За одобрениот износ по основ на плати и надоместоци се врши дополнување на месечниот план.

14. Месечниот план доставен од буџетскиот корисник ги содржи следните податоци:

- месец за кој се однесуваат податоците,
- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- назив на буџетскиот корисник,
- сметки на кои се однесуваат планираните месечни расходи,
- број на програма,
- број на потпрограма,
- назив на програма,
- расходна ставка,
- износ на планирани расходи за секоја ставка по одделна сметка на буџетскиот корисник.

15. Планираниот расход за тековни трошоци во месечниот план треба да биде во висина од 1/12 од годишниот Буџет, а најмногу 20% повеќе од 1/12, во кој случај треба да се достави образложение за причината заради која се бара повисок износ.

Планираниот расход за капитални трошоци (градежни објекти, земјиште, моторни возила, мебел и друго), заради карактерот на овој вид на трошоци, може да биде на износ поголем од 1/12 од годишниот Буџет.

16. Корисниците на средства од Буџетот ( прва линија ), кои во својот состав имаат единки корисници на средства од Буџетот (втора линија ) кои се финансираат од ист раздел, прво доставуваат до Министерството за финансии збирен месечен план, во кој се содржани планираните вредности за самото министерство и за единките корисници.

Доколку во Буџетот има посебен раздел за единките корисници, корисникот доставува збирен месечен план за сите единки корисници за дадениот раздел.

За одобрените збирни планови Министерството за финансии ги известува корисниците од прва линија, а потоа корисниците од прва линија доставуваат месечни планови за единките корисници поединечно, во рамки на одобрениот збирен месечен план до Министерството за финансии.

Распоредувањето на одобрениот збирен месечен план по единки корисници го врши корисникот кој во својот состав има единки корисници.

17. Министерството за финансии по одобрување на месечниот план врз основа на динамиката на наплатата на буџетските приходи ги известува буџетските корисници, а корисниците кои имаат единки корисници ги известуваат своите единки корисници.

18. Во текот на месецот буџетскиот корисник може да достави барање за измена на планот, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани.

Доколку барањето за измена на планот е одобрено, се зголемува правото за трошење во текот на месецот.

19. Доколу во текот на годината буџетските корисници остварат приходи на посебните сметки во износ поголем од планираниот со Буџетот, истите можат да се користат само доколку им е одобрено проширување на буџетот на соодветната сметка од Министерството за финансии.

## V. ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ПЛАЌАЊЕ ОД БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ И НИВНО ОДОБРУВАЊЕ

20. Буџетските корисници доставуваат до Заводот за платен промет барања за:

- плаќања од своите сметки и
- трансфер на средства од сметките за буџетски приходи (с-ки 631), на сметките за редовно работење.

Буџетските корисници барањата ги издаваат на инструменти пропишани со Упатството за формата,

содржината и употребата на единствени инструменти-обрасци за вршење на работите на платниот промет во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/94, 37/94, 54/94, 51/97, 1/98, 21/98, 79/99, 51/2000 и 12/2001) и најдоцна до 10,00 часот тековниот ден, ги доставуваат до Заводот за платен промет.

21. Буџетските корисници на барањето за плаќање во претполето на елементот "повикување на број- задолжување" запишуваат број на модел и тоа :

Модел 40: Се употребува кога се врши пренос на средства од сметката на Буџетот и од сметките на буџетските приходи остварени од услуги на буџетските корисници спрема сметките на буџетските корисници,

Модел 41: Се употребува кога се врши пренос на средства од сметките на корисниците на средства од Буџетот, спрема сметките на единките корисници на средства од Буџетот,

Модел 42: Се употребува кога се вршат плаќања од сметките на корисниците на средства од Буџетот и единките корисници, спрема добавувачи на стоки и услуги и исплата на плати и надоместоци и друго,

Модел 43: Се употребува кога се врши враќање на вишок на пренесени средства од сметките на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот, спрема жиро сметката на Буџетот.

Модел 44: Се употребува кога се врши враќање на вишок на пренесени средства од сметките на единките корисници на средства од Буџетот, спрема сметките на корисниците на средства од Буџетот,

Модел 45: Се употребува кога се врши враќање на неискористените средства од сметка на акредитив, упатница или привремена сметка на платниот промет,

Модел 46: Се употребува кога се вршат директни плаќања од Буџетот,

Модел 47: Се употребува за пренос на средства од сметките на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот, на нивните сметки за средства добиени по основ на донации и сметки за средства на буџетски корисници добиени по основ на кредити и

Модел 31: Се употребува за сторнирање на приходот евидентиран на аналитичкото конто што е запишано во полето "повикување на број- одобрување" како и за сторнирање на други грешки кај сметки кај кои се вршат уплати по основ на разни видови приходи.

Буџетскиот корисник во просторот на елементот "повикување на број задолжување" запишува и податоци во три целини одвоени со специјални знаци-цртичка и тоа:

- организациона класификација и РКБ (11 цифри),
- податок за економска класификација (6 цифри) и
- податок за програма и потпрограма (3 цифри) и тоа: две цифри програма и една цифра потпрограма.

22. По приемот и извршената проверка на барањата за плаќање во Заводот за платен промет, се врши внесување на податоците од поднесените барања за плаќања на сметач и тоа:

- реден број
- назив на сметката на буџетскиот корисник
- број на сметката на буџетскиот корисник
- број на модел
- организациона класификација
- расходно конто (6 цифри)
- програма и потпрограма
- назив на сметката на примачот на средства
- број на сметката на примачот на средства
- цел на плаќањето
- вкупен износ по ставки
- вкупен износ по сметка.

23. За барањата за плаќање издадени на товар на посебните сметки, Заводот за платен промет пред да ги достави врши и проверка на покритието на сметката (салдо на сметката).

24. Заводот за платен промет ги доставува податоците до Министерството за финансии, електронски, најдоцна до 12 часот во текот на денот, заради проверка дали барањата за плаќање се во согласност со одобрениот годишен Буџет за буџетскиот корисник, кумулативниот план, реализацијата и расположивото салдо на посебните сметки. Одобрените плаќања се извршуваат наредниот ден.

25. Барањата за плаќања на буџетските корисници по основ на девизни трансакции, се доставуваат до Заводот за платен промет најдоцна до 9 часот, кој до 10 часот ги доставува до Министерството за финансии и по нивното одобрување од страна на Министерството за финансии се извршуваат истиот ден.

26. За одобрените барања за плаќање Министерството за финансии изготвува Збирен налог за пренос (Обр. бр. 47 ЗПП), за пренос на средства од сметката 630 на сметките на буџетските корисници и за други плаќања спрема небуџетски корисници.

Податоците за одобрените налози за плаќање заедно со Збирниот налог за пренос се доставуваат до Заводот за платен промет, наредниот ден, најдоцна до 11 часот.

Со Збирниот налог за пренос се доставува и магнетен носител на податоци, кој ги содржи сите елементи од Збирниот налог за пренос.

27. По одобрувањето на плаќањата се врши нивно ажурирање во главната книга на трезорот.

28. Министерството за финансии на корисниците кои во својот состав имаат единки корисници им доставува Дневен извод на одобрени средства за секоја единка корисник, заради следење на извршените плаќања на своите единки корисници.

## VI. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА НЕНАМИРЕНИТЕ ОБВРСКИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

29. Буџетските корисници презмаат обврски во висина на износот од одобрениот Буџет, кој во текот на месецот треба да биде во рамките на одобрениот месечен план.

30. Буџетските корисници најдоцна до 10-ти во тековниот месец доставуваат Преглед на достасани ненамирени обврски даден во Прилог бр.4, кој е составен дел на Упатството, со состојба на последниот ден од претходниот месец.

Податоците за ненамирени обврски ги содржат следните елементи: период, обврски до 30 дена, обврски до 60 дена, обврски над 60 дена (утужени, неутужени и вкупно) и вкупно ненамирени обврски.

За сите достасани и ненамирени обврски над 60 дена буџетскиот корисник доставува детално писмено образложение.

31. Корисниците на средства од Буџетот кои во својот состав имаат единки корисници доставуваат збирен преглед за своите обврски и обврските на своите единки,

32. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12/1-10174/1
21 мај 2001 година
Скопје

Министер,
**Никола Груевски,** с.р.

Прилог бр.1

# ФОРМУЛАР ЗА ОТВОРАЊЕ НА СМЕТКА
## ЗА КОРИСНИЦИ И ЕДИНКИ КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Име на корисник на Буџетот на Република Македонија:
_______________________________________________

2. Име на институцијата
(доколку сметката се отвора за единка корисник)
_______________________________________________

3. Раздел: ____________________
4. Ркб: ____________________

5. Причина за отворање на сметката (нов грант, ненаменска донација, нов кредит, нова самофинансирачка активност)[1]:
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________

6. Цел на активноста: ____________________
7. Шифра на дејност: ____________________
(од Државен завод за Статистика)
8. Објаснете го начинот на финансирање:
_______________________________________________

9. Проектирани приходи до крајот на фискалната година:

| Шифра на приходи | Износ |
|---|---|
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |

10. Предлог - план за трошење до крајот на фискалната година:

| Шифра на расходи | Износ |
|---|---|
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |

Потписник: ____________________
Подносител : ____________________ ____________________
Име и презиме Функција
Телефонски број: ____________________
Адреса: ____________________

Датум на поднесување: Подносител:
____________________ ____________________
____________________

[1] Молиме приложете копија од договор или известување за донација

ПРИЛОГ БР. 2

**ПРЕГЛЕД**

**на функционирање на сметката на Буџетот, сметките за редовно работење на буџетските корисници и посебните сметки на буџетските корисници**

| Р. бр | на товар на сметка | Цел на плаќање | Повикување на број - задолжување: Бр на модел | Повикување на број - задолжување: Податоци за буџетска и сметководствена класификација И програма | Во корист на сметка | Повик. на број-одобр. податок за приходно конто |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Трансакции на сметката на Буџетот- 630-16:** | | | | | |
| | ***-на товар на сметката:*** | | | | | |
| 1. | Сметка на Буџетот-630-16 | Пренос (трансфер | 40 | Раздел,РКБ- потставка-програма за буџетскиот корисник (податоци за буџетскиот корисник) | Сметки за редовно работење на буџетскиот корисник | - |
| 2. | Сметка на Буџетот-630-16 | Директно плаќање | 46 | 670-раздел и потставка | Правни и физички лица -небуџетски корисници | - |
| 3. | Сметка на Буџетот-630-16 | Врак. на повеќе упл. данок или погрешно упл. неданоч. прих. | - | - | Сметки од класа 8 (840..освен 849 на ЗПП) или други сметки | - |
| | ***- во корист на сметката:*** | | | | | |
| 1. | Сметки за редовно работење на буџетските корисници | Враќање на вишок на трансферирани средства | 43 | Податоци за буџетски корисник | Сметка на Буџетот-630-16 | - |
| 2. | Сметки на небуџетски корисници | Неданочни приходи | - | - | Сметка на Буџетот-630-16 | - |
| 3. | Сметки од кл.8 освен 849 на ЗПП | Даночни приходи | - | - | Сметка на Буџетот-630-16 | - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Трансакции на сметките за редовно работење на буџетските корисници** | | | | | |
| | *-на товар на сметките:* | | | | | |
| 1. | Сметки за редовно работење на буџетските корисници | Плаќање по разни основи | 42 | Податоци за буџетски корисник | Сметки на небуџетски корисници и посебни сметки на други буџетски корисници: 788, 787 и 631 | Приходно конто за посебните сметки |
| 2. | Сметки за редовно работење на буџетските корисници | Учество во донација или кредит | 47 | Податоци за буџетски корисник | Свои сметки за донации и кредити: 785 и 786 | Приходно конто |
| 3. | Сметки за редовно работење на буџетските корисници | Враќање на неисплатени средства | 43 | Податоци за буџетски корисник | Сметка на Буџетот-630-16 и своја сметка за буџетски приходи 631 | |
| | *-Во корист на сметките :* | | | | | |
| 1. | Сметка на Буџетот-630-16 | Трансфер | 40 | Податоци за буџетски корисник | Сметки за редовно работење на буџетските корисници | - |
| 2. | Сметка за буџетски приходи-631 (своја сметка) | Трансфер | 40 | Податоци за буџетски корисник | Сметки за редовно работење на буџетските корисници | - |
| 3. | Сметки на акредитиви, упатници и привремена сметка на платниот промет: 531, 533, 536 и 539 | - Враќање на непотрошени средства<br>- Исправка на грешка | 45 | Податоци за буџетски корисник | Сметки за редовно работење на буџетските корисници | - |
| | **Трансакции на сметката за буџетски приходи (с-ка 631)** | | | | | |
| | *- на товар на сметката* | | | | | |
| 1. | Сметка за буџетски приходи-631 (своја сметка) | Трансфер | 40 | Податоци за буџетски корисник | сметки за редовно работење на буџетските корисници (свои сметки) | - |
| | *- во корист на сметката* | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Туѓи сметки на буџетските корисници и тоа: за редовно работење и за посебни намени освен сметката 631 | По разни основи | 42 | Податоци за буџетски корисник | Сметка за државни приходи-631 | Приходно конто |
| 2. | сметки за редовно работење на буџетските корисници (свои сметки) | Враќање на вишок на средства | 43 | Податоци за буџетски корисник | Сметка за државни приходи-631( своја сметка) | Приходно конто |
| 3. | Небуџетски корисници | По разни основи | - | - | Сметка за државни приходи-631 | Приходно конто |
| | **Трансакции на сметките за самофинансирачки активности 787 и 788:**<br>*- на товар на сметките* | | | | | |
| 1. | Сметки за самофинансирачки активности:787, 788 | По разни плаќања | 42 | Податоци за буџетски корисник | Небуџетски корисници и сите сметки за посебни намени на туѓи буџетски корисници (631, 787 и 788) | Приходно конто за сметките освен за сметките на небуџ. кор. |
| | *- во корист на сметките* | | | | | |
| 1. | Сметки на акредитиви, упатници и привремена сметка на платниот промет: 531, 533, 536 и 539 | - Враќање на непотрошени средства<br>- Исправка на грешка | 45 | Податоци за буџетски корисник | Сметки за самофинансирачки активности:787, 788 | Приходно конто |
| 2. | Небуџетски корисници | По разни основи | - | - | Сметки за самофинансирачки активности:787, 788 | Приходно конто |
| 3. | Сметки на други буџетски корисници и тоа:сметки за редовно работење и посебни сметки освен сметката 631 | По разни основи | 42 | Податоци за буџетскиот корисник | Сметки за самофинансирачки активности:787, 788 | Приходно конто |
| | **Трансакции на сметката за донации -785**<br>*- на товар на сметката* | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сметка за донации-785 | По разни основи | 42 | Податоци за буџетскиот корисник | Небуџетски корисници и други посебни сметки на буџетски корисници: 631, 787 и 788 | Приходно конто за туѓите сметки на буџетс. корисници |
| | - во корист на сметката | | | | | |
| 1. | Небуџетски корисник | По разни основи | - | - | Сметка за донација-785 | Приходно конто |
| 2. | Сметки за редовно работење на истиот буџетски корисник | Буџетско учество | 47 | Податоци за буџетскиот корисник | Сметка за донација-785 | Приходно конто |
| 3. | Сметки на акредитиви, упатници и привремена сметка на платниот промет: 531, 533, 536 и 539 | Враќање | 45 | Податоци за буџетскиот корисник | Сметка за донација-785 | Приходно конто |
| | Трансакции на сметката за кредити- 786 | | | | | |
| | - на товар на сметката | | | | | |
| 1. | Сметка за кредити-786 | По разни основи | 42 | Податоци за буџетскиот корисник | Небуџетски корисници и сметките за посебни намени : 787 , 788 и 631 на други буџетски корисници | Приходно конто за буџетск. сметки |
| | - во корист на сметката | | | | | |
| 1. | сметки за редовно работење | Буџетско учество | 47 | Податоци за буџетскиот корисник | Сметка за кредити-786 | Приходно конто |
| 2. | Небуџетски корисници | За уплати | - | - | Сметка за кредити-786 | Приходно конто |
| 3. | Сметки на акредитиви, упатници и привремена сметка на платниот промет: 531, 533, 536 и 539 | Враќање | 45 | Податоци за буџетскиот корисник | Сметка за кредити-786 | Приходно конто |

*Прилог бр.3*

**Месечен план на трошоци за месец___________**

раздел ркб
xxxxx xxxxx Назив на буџетскиот корисник

| бр. на прогр ама | бр. на потпро грама | Назив на програма | Бр. на сметка | Тип на сметка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | расх.ставка | 637 | 631 | 787 | 785 | 786 |
| xx | xx | xxxxxxx | Вкупно | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| xx | xx | xxxxxxxxx | Вкупно | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| xx | xx | xxxxxxx | Вкупно | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| | | | xxx | | | | | |
| Вкупно | | | | xxxxxx | xxxxxxx | xxxxxx | xxxxxxx | xxxxxx |

Прилог бр.4

**Преглед на достасани ненамирени обврски**

| Период | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно ненамирени обврски |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Утужени | Неутужени | Вкупно | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=(4+5) | 7=(2+3+6) |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**831.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 70/92), на седницата одржана на 9 мај 2001 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува член 74 во делот "и Правилата за штрајк" од Колективниот договор за општествени организации и здруженија на граѓани на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/95).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, со Решение У. бр. 183/2000 од 21 и 28 февруари 2001 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на дел од одредбата на член 74 од Колективниот договор означен во точката 1 од ова решение, затоа што основано се постави прашањето за согласноста на оспорениот дел на овој член од наведениот колективен договор со Уставот, со Законот за штрајк и со Законот за работните односи.

4. Судот на седницата утврди дека според член 74 од Колективниот договор за општествените организации и здруженијата на граѓани на Република Македонија, правото на штрајк работниците го остваруваат во согласност со закон, колективен договор и Правилата за штрајк.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот како една темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другото е утврдено и владеењето на правото, а според членот 51 од Уставот, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и закон.

Според член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и колективни договори.

Според член 38 од Уставот, се гарантира правото на штрајк, а со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на Управата.

Од содржината на ставот 1 на член 38 произлегува дека Уставот не ги предвидува условите, односно битните елементи на остварувањето на правото на штрајк ниту упатува тие да се уредат со закон, освен што во ставот 2 е предвидено дека со закон можат да се ограничат условите за остварувањето на правото на штрајк во означените области (вооружените сили, полицијата и органите на управата).

Но и покрај немање на изрично уставно овластување за законско нормирање на условите под кои може да се остварува правото на штрајк, не е спорно дека овие услови треба да бидат утврдени со закон, а за потребата од тоа се има произнесено и Уставниот суд во случаи кога ја оценувал уставноста на одделни одредби од законите со кои се уредува остварувањето на ова право.

Поаѓајќи од тоа, условите за остварувањето на правото на штрајк се уредени во повеќе закони меѓу кои се Законот за штрајк ("Службен лист на СФРЈ" бр. 23/91), кој согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија се применува како републички пропис, Законот за јавните претпријатија, Законот за енергетика, Законот за македонските железници, во Законот за државните службеници и др.

Така, според член 1 став 1 од Законот за штрајк, штрајкот е организиран прекин на работата на работниците заради остварување на економските и социјалните права и интереси по основ на трудот, а според ставот 2 на истиот член, во однос на кој директно се оспорува наведениот дел од член 74 од Колективниот договор, правото на штрајк се остварува под условите утврдени со овој закон.

Имајќи ги предвид наведените уставни и законски одредби, Судот утврди дека и во конкретниот случај оценувањето на уставноста и законитоста на оспорениот дел од членот 74 од наведениот колективен договор не може да се посматра изолирано од членот 32 став 5 од Уставот, иако тој не се оспорува од аспект на овој член од Уставот. Ова од причини што согласно овој член од Уставот, нормативното уредување на остварувањето на правата од работен однос, поделено е на законодавна (државна функција) и колективно-договорна (недржавна нормативна функција).

Притоа, иако Уставот не ја определува содржината и обемот на уредување на правата со овие два вида акти, неспорно е дека колективните договори и законот не се на исто рамниште, но напротив колективните договори во однос на законот се од секундарно значење што значи дека со нив може и треба да се уредуваат одделни особености надвор од минимумот што ќе биде утврден во законот. Или, со други зборови, со колективните договори се доуредуваат во согласност со закон одделни права, обврски и одговорности, како и обемот и начинот на остварувањето на правата и другите прашања од интерес за работниците и работодавецот и со нив не може да се утврдуваат помали права и понеповолни услови за работа утврдени со закон. Ваквиот однос на колективните договори спрема законот, меѓу другото, произлегува и од членовите 84 до 97 од Законот за работните односи.

Имајќи го предвид наведеното, како и фактот дека според оспорениот дел од одредбата на членот 74 од овој колективен договор се предвидува правото на штрајк работниците да го остваруваат во согласност и со Правилата на штрајк, а од друга страна на таква можност не упатува ниту Уставот, ниту Законот за работните односи, ниту Законот за штрајк, Судот оцени дека овој дел од членот 74 од Колективниот договор не е во согласност со Уставот, со Законот за работните односи и со Законот за штрајк.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 183/2000
9 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

---

**832.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 16 мај 2001 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува член 59 став 10 во делот што гласи: "и да не се осудувани за кривични дела кои ги прават недостојни за вршење на воспитно-образовната дејност" од Законот за средно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96).

2. Оваа одлука предизвикува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по поднесена иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, со Решение У.бр. 210/00 од 21 март 2001 година, поведе постапка за оценување уставноста на делот од одредбата од Законот означени во точката 1 на оваа одлука.

4. Судот на седницата утврди дека со членот 59 од Законот се утврдени условите за наставниците и воспитувачите кои вршат воспитно-образовна работа во средното образование.

Според ставот 10 на овој член од Законот наставниците и воспитувачите, покрај другите услови, треба да се државјани на Република Македонија и да го владеат литературниот јазик и писмото на кој ја изведуваат наставата и да не се осудувани за кривични дела кои ги прават недостојни за вршење на воспитно-образовната дејност.

5. Според член 9 од Уставот граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во член 13 став 1 од Уставот е предвидено дека лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, а според член 14 став 1, пак, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Според член 23 од Уставот секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Во членот 32 став 1 од Уставот секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност, а според ставот 2 на овој член, секому под еднакви услови му е достапно секое работно место.

Според член 54 став 1 исто од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби на членот 13 и 14 од Уставот произлегува дека на сторителот на кривично дело може да му се изрече казна што е утврдена со закон или со друг пропис и дека казната може да се изрече само со судска одлука. Според тоа, казнено-правниот однос се исцрпува во релацијата казниво дело и изречена казна со судска одлука што значи дека други и идни последици од осудата за делото Уставот не допушта.

Со оглед на тоа што со оспорената одредба на член 59 став 10 од Законот за средното образование се врши ограничување на правото на граѓаните на вработување во воспитно-образовниот процес на средното образование и тоа по сила на Законот и како последица од осудата за одделни кривични дела, а не како содржина на определената санкција што ја изрекол суд. Судот оцени дека не е во согласност со означените одредби од Уставот.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

| | |
|---|---|
| У. бр. 210/2000 | Претседател |
| 16 мај 2001 година | на Уставниот суд на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | д-р **Тодор Џунов,** с.р. |

---

**833.**

Уставниот суд на Република Македонија врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на 9 мај 2001 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува Одлуката за преземање на вршењето на комуналните дејности во општините Битола, Бач, Бистрица, Добрушево, Кукуречани, Могила, Новаци, Старавина и Цапари, донесена од Владата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 93/2000).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод иницијативи на градоначалникот на Општина Битола и група граѓани од Битола, со решение У. бр. 215/2000 од 28.02.2001 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и со закон.

4. На седницата Судот утврди дека со одлуката Владата на Република Македонија ја презема грижата за вршење на следните комунални дејности: производство и дистрибуција на вода; прочистување и одведување на отпадните води и изнесувањето, депонирањето и преработката на отпадоци (член 1).

Во член 2 се предвидува дека Владата презема активности за именување и разрешување на органите на управувањето и раководењето на ЈКП "Водовод" и ЈП "Комуналец" во Битола.

Вршењето на комуналните дејности Владата ќе ги врши на товар на означените општини (член 3).

На седницата Судот исто така утврди дека ЈКП "Водовод" и ЈП "Комунална хигиена и јавно зеленило" во Битола, се организирани со одлука на Собранието на Општина Битола во 1989 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр. 23/89).

По донесувањето на Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат ("Службен весник на РМ" бр. 59/96), сите наведени општини на 1.07.1998 година склучиле Спогодба во која се спогодиле за следново:

- прво, општините кои произлегле од општина Битола не се заинтересирани за користење на услугите што ги вршат ЈП "Комуналец", "Нискоградба" и "Пазар", затоа што и досега тие не ги користеле нивните услуги (инаку, изнесувањето, депонирањето и преработката на отпадоци е дејност на ЈП "Комуналец"),
- второ, само Општините Бистрица, Кукуречани, Могила и Новаци се согласни ЈП "Водовод" од Битола да врши снабдување со вода за пиење и обработка и испорака на технолошка вода и за овие општини,
- трето, цените се исти за сите општини,
- четврто, четирите општини назначуваат по еден член во Управниот одбор на ЈП "Водовод".

Спогодбата е потпишана од сите градоначалници, освен од Бистрица и Новаци, но советите на овие општини неспорно донеле одлуки на 24.06.1998 година за склучување на ваква спогодба.

Конечно, во оспорената одлука не може да се види, а и Владата во својот одговор не објаснува зошто смета дека не постои меѓусебна општинска спогодба како законски основ за нејзината одлука, ниту објаснува зошто сметала дека во овие општини не се вршат комуналните дејности што таа со одлуката ги презема.

5. Според член 115 став 1 од Уставот во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење особено во определени области, меѓу кои и во комуналните дејности. Согласно став 2 на овој член од Уставот, општината е самостојна во вршењето на надлежности утврдени со Уставот и закон, а надзорот врз законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Според член 8 став 1 од Законот за уредување на односите помеѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат ("Службен весник на РМ" бр. 59/96) е предвидено дека "јавните комунални претпријатија кои до денот на влегувањето во сила на овој закон имаат статус на општински комунални претпријатија прераснуваат во јавни комунални претпријатија за територијата на сите новоосновани општини и општината од која произлегле".

Потоа, во член 9 од Законот се утврдува рокот од 3 месеци за склучување на спогодби помеѓу општините за статусот, работата и односите во јавните комунални, но и во други јавни претпријатија.

Според член 10 од овој закон, доколку такви спогодби не се склучат, Владата ќе ја преземе грижата за вршењето на дејностите на јавните претпријатија (комунални и други), а особено именувањето и разрешувањето на нивните органи на управување и раководење.

Во член 16 од Законот за комуналните дејности ("Службен весник на РМ" бр. 45/97) е предвидено дека заради организирање и квалитетно вршење на комуналните дејности и стопанисување со објекти на комуналната инфраструктура кои се протегаат или служат за давање на комунални услуги на корисници на подрачјето на две или повеќе општини, општините, односно градот Скопје, со меѓусебни спогодби на начин утврден со закон може да основаат меѓуопштинско јавно претпријатие, доколку на нивното подрачје не постои друго јавно претпријатие за вршење на истата комунална дејност.

Според член 40 од овој закон, кој инаку е основот на оспорената одлука, доколку општините, односно градот Скопје во рок определен со закон не ја склучат меѓусебната спогодба од член 16 на овој закон или не обезбедат вршење на комунални дејности, Владата на Република Македонија ќе ја преземе грижата за вршење на комуналните дејности од член 3 точка 1, 2, 3, 4, 6 и 7 (овде се вклучени дејностите од одлуката) на товар на буџетот на единицата на локалната самоуправа, на начин утврден со овој и друг закон.

6. Врз основа на изнесената фактичка и правна состојба, Судот оцени дека е неспорно дека општината Битола и општините кои произлегле од неа склучиле меѓусебна спогодба врз основа на член 9 од Законот за уредување на односите помеѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат и ги уредиле меѓусебните односи во поглед на користењето на услугите на постојните комунални претпријатија. При тоа, иако дел од новите општини со таа спогодба изречно одбиваат постојните јавни претпријатија да вршат комунални услуги и на нивната територија, не може да се смета дека не е склучена спогодба во смисла на законот. Неприфаќањето на некои општини постојните јавни претпријатија да ја вршат дејноста и на нивната територија, пак, потпаѓа под самостојноста на општините и во сферата на задоволувањето на комуналните потреби. Оттука, според мислењето на Судот не е исполнет првиот законски услов за донесување на оспорената одлука, имено непостоење на спогодба помеѓу општините.

Исто така, во одлуката, ниту во одговорот на Владата, не се докажува постоењето ниту на другиот основ - невршење на комуналните дејности во овие општини. Напротив, во иницијативите се укажува на тоа дека комуналните дејности што со оспорената одлука се преземаат, непречено и континуирано се вршат во сите општини и во тој поглед интересите на граѓаните воопшто не се доведени во прашање, што е резултат и на спогодбата на општините. Според тоа, за Судот не постојат причини да смета дека е исполнет и вториот законски услов за донесување на оспорената одлука.

Притоа, Судот оцени дека со ваквиот начин на преземање на вршењето на комуналните дејности во означените општини од страна на Владата на РМ, непосредно се завлегува во прашања од надлежност на општината и се доведува во прашање нејзината самостојност гарантирана со член 115 од Уставот на Република Македонија, поради што Судот смета дека оспорената одлука не е во согласност и со Уставот на Република Македонија.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 215/2000
9 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

## 834.

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

### РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Пештани - Општина Охрид.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2717/1
22 мај 2001 година
Скопје

Директор,
дипл.геод.инж. **Зоран Цветаноски,** с.р.

## 835.

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

### РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Лесковица - Општина Штип.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2716/1
22 мај 2001 година
Скопје

Директор,
дипл.геод.инж. **Зоран Цветаноски,** с.р.

## 836.

Врз основа на член 29 став 1 точка 3 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96 - пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVI седница одржана на 12.04.2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ ОТВОРЕНИ ДЕВИЗНИ ПОЗИЦИИ НА БАНКИТЕ (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

1. Со оваа одлука се пропишува начинот на пресметување на отворените девизни позиции на банката по одделни валути, отворената збирна денарска позиција, отворена агрегатна девизна позиција и односот меѓу отворените девизни позиции и гарантниот капитал на банката.

2. Отворената девизна позиција во смисла на оваа одлука претставува салдо меѓу активните и пасивните девизни билансни позиции, пресметани поединечно за секоја странска валута која се јавува во билансот на банките (актива и пасива).

Отворената збирна денарска позиција во смисла на оваа одлука претставува збир на отворените девизни позиции од став 1 на оваа точка, изразени во денари, со примена на средниот курс според курсната листа на Народна банка на Република Македонија на денот за кој се однесува извештајот.

Отворена агрегатна девизна позиција во смисла на оваа одлука може да биде агрегатна активна девизна позиција и агрегатна пасивна девизна позиција.

Агрегатна активна девизна позиција претставува збир на позитивните износи од став 1 на оваа точка изразени во денарска противвредност.

Агрегатна пасивна девизна позиција претставува збир на негативните износи од став 1 на оваа точка изразени во денарска противвредност со примена на средниот курс според курсната листа на Народна банка на Република Македонија на последниот ден од извештајниот период.

3. Отворената девизна позиција по одделна валута може да изнесува најмногу до 20% од гарантниот капитал на банката.

Отворената збирна денарска позиција може да изнесува најмногу 30% од гарантниот капитал на банката.

Отворената агрегатна девизна позиција може да изнесува најмногу 40% од гарантниот капитал на банката.

Отворената девизна позиција по одделна валута, отворената збирна денарска позиција и отворената агрегатна девизна позиција може да прикажуваат негативен износ од 10% од гарантниот капитал на банката.

Усогласувањето на работењето на банките со лимитите од ставовите 1, 2 и 3 на оваа точка, банките ќе го извршат најдоцна до 30.09.2000 година.

4. Банките се должни постојано да ја одржуваат отворената девизна позиција во рамките на ограничувањата пропишани со точка 3 од оваа одлука.

5. Во случај на пречекорување на пропишаните ограничувања, банката е должна писмено да ги образложи причините за настанатото пречекорување и мерките за сведување во рамките на пропишаните ограничувања како и да изврши сведување на начин што ќе ги почитува поставените лимити од точка 3 од оваа одлука на просечно месечно ниво.

Народна банка на Република Македонија може да и пропише на одделна банка сведување во рамките на пропишаните ограничувања во определен временски рок, со определување на мерки за таа цел.

6. Банките се должни да и доставуваат на Народна банка на Република Македонија извештај за движењето на отворената девизна позиција по валути, отворената збирна девизна позиција и отворената агрегатна девизна позиција и тоа:

- Извештајот ОДП-д (декадно), со состојба на 10-ти и 20-ти во месецот, се доставува во рок од 2 работни дена по истекот на датумот за кој се доставува извештајот;

- Извештајот ОДП-д (дневно) се доставува во рок од 2 работни дена по истекот на датумот за кој се доставува извештајот; и

- Извештајот ОДП-д (декадно) со состојба на последниот ден од тековниот месец и извештајот ОДП-м се доставуваат најдоцна до 8-ми во наредниот месец.

7. Банките ќе започнат со дневно известување на Народна банка на Република Македонија за отворената девизна позиција, сметано од 01.01.2002 година.

Во периодот од 01.04.2001 година до 31.12.2001 година, банките се должни до Народна банка на Република Македонија да доставуваат извештај за отворената девизна позиција на декадна основа.

8. За спроведување на оваа одлука, Народна банка на Република Македонија ќе донесе Упатство со обрасци за извештаите.

9. Оваа одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува сметано од 01.10.2000 година.

О.бр.02-15/LXXXVI-4/2001
12 април 20001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

## 837.

Врз основа на член 10 став 1 точка 1, член 17 став 2 точка 2 и член 61а од Законот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 9/94, 65/95, 71/96, 7/98 и 16/2000), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21.05.2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ШТО ГЛАСАТ НА ГОЛЕМИ ИЗНОСИ

1. Во Одлуката за начинот на извршување на платниот промет со инструменти за плаќање што гласат на големи износи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 13/98 и 24/00) се вршат следните изменувања и дополнувања:

2. Во насловот на Одлуката за начинот на извршување на платниот промет со инструменти за плаќање што гласат на големи износи на крајот се додаваат зборовите:"преку Заводот за платен промет".

3. Во точка 1 се вршат следните изменувања и дополнувања:

- во став 3 во третиот ред после зборот "доверител" се додаваат зборовите: "со кои",

- во став 3 во четвртиот ред се бришат зборовите "доколку нивниот", а се додаваат зборовите:"со посредство на Заводот за платен промет, се пренесуваат средства чиј",

- во став 4 во шестиот ред после зборот "денари" се додаваат зборовите: "со кои во текот на денот, со посредство на Заводот за платен промет се пренесуваат средства.". Зборовите до крајот на реченицата се бришат.

4. Во точка 2 бројот "11:00" се заменуваат со бројот "12:00".

5. Во точка 3 се вршат следните изменувања:
- во став 1 бројот "11:00" се заменува со бројот "12:00",
- во став 3 бројот "12:30" се заменува со бројот "13:00",
- во став 4 бројот "12:00" се заменува со бројот "12:15".

6. Точка 4 се менува и гласи:

"Народна банка на Република Македонија, врз основа на добиените Обрасци-2, врши мултилатерално пребивање на налозите за големи плаќања за банките при што ја утврдува мултилатералната нето позиција за која, најдоцна до 12:30 часот, доставува известување до секоја банка поодделно".

7. Точка 5 и 6 се бришат.

8. Точката 7 станува точка 5. Во точка 5 бројот "15:00" се заменува со бројот "13:00". Во истата точка по зборот "Македонија" текстот се брише и се додаваат зборовите: "за состојбата на жиро-сметките на банките во Заводот за платен промет".

9. Точката 8 станува точка 6.

10. Точката 9 станува точка 7.

11. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 04.06.2001 година.

О.бр.02-15/LXXXVIII-11/2001
12 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

## 838.

Врз основа на член 35 и член 36 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96 - пречистен текст и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXVIII седница, одржана на 21.05.2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 35 И 36 ОД ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат поблиските услови за примена на одредбите од член 35 и член 36 од Законот за банките кои се однесуваат на кредитната изло-

женост спрема поединечни субјекти, акционери на банката, поединечни друштва во кои банката има капитални делови и внатрешни лица на банката.

## II. ДЕФИНИРАЊЕ НА КРЕДИТНАТА ИЗЛОЖЕНОСТ

2. Кредитната изложеност на банката спрема поединечен субјект ги опфаќа вкупните билансни побарувања и вонбилансни ставки, односно ја рефлектира највисоката можна загуба која што може да настане во случај комintентот да не ги исполни целосно своите обврски спрема банката.

Како основ за пресметка на лимитите за кредитната изложеност од глава III на оваа одлука, не се земаат во предвид следните позиции, кои се сметаат како одбитни ставки од кредитната изложеност од став 1 на оваа точка:

а) Кредитни изложености обезбедени со паричен депозит и парични средства во депо, до износот на паричниот депозит, односно на паричните средства во депо, при што потребно е да бидат истовремено исполнети следните услови:

- рокот на доставување на паричниот депозит е еднаков или поголем од рокот на доставување назначен во договорот за кредитна изложеност, односно паричните средства во депо можат да се повлечат само под услов кредитната изложеност на банката да биде целосно затворена;

- постои писмен документ со кој се потврдува намената на депозитот, односно на паричните средства во депо, како средство за обезбедување на кредитната изложеност;

- во случај на активирање на обезбедувањето, банката е единствен корисник на депозитните средства, односно на парични средства во депо;

- активирањето на обезбедувањето да настане во услови кога комитентот не ги исполнува своите обврски кои произлегуваат од договорот за кредитна изложеност.

б) Кредитни изложености спрема Република Македонија, Народна банка на Република Македонија и владите и централните банки на земјите членки на Европската Унија, Швајцарија, Канада, Јапонија и САД.

в) Кредитни изложености обезбедени со неотповикливи безусловни гаранции издадени од субјектите од потточка б) на оваа точка.

Како основ за пресметка на лимитите од глава III на оваа одлука, не се земаат во предвид кредитните изложености кои согласно Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките и штедилниците ("Сл. весник на РМ" бр. 26/96 и 27/98), после два последователни квартала класифицирани во ризична категорија Д се прекнижени на соодветна вонбилансна сметка.

3. Кредитната изложеност на банката спрема поединечен субјект се прикажува во бруто износ, односно не се намалува за износот на издвоената посебна резерва за обезбедување од потенцијални загуби кои произлегуваат од ризичните активни билансни и вонбилансни позиции вклучени во пресметката на кредитната изложеност.

4. Под поединечен субјект се подразбираат сите правни и физички лица кои согласно Законот за банките и Одлуката за дефинирање и начинот на утврдување на поврзани субјекти во согласност со Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 28/2001), се сметаат за поврзани.

5. Внатрешни лица, во смисла на оваа одлука, се членовите на работоводниот орган на банката, членовите на Управниот одбор, членовите на Одборот за ревизија и други лица со посебни права и одговорности.

## III. ЛИМИТИ

6. Кредитната изложеност спрема поединечен субјект не смее да надмине 25% од гарантниот капитал на банката.

7. Кредитната изложеност спрема поединечен акционер на банката сопственик на акции со право на управување чие учество е над 5% од вкупниот број акции со право на управување и лица поврзани со него, не смее да надмине 10% од гарантниот капитал на банката.

8. Кредитната изложеност спрема поединечно друштво во кое банката има капитални делови и лица поврзани со него, не смее да надмине 10% од гарантниот капитал на банката.

Во смисла на оваа одлука, при пресметка на лимитот од став 1 на овој член, не се вклучува износот на капиталниот дел на банката во поединечното друштво и лица поврзани со него. Капиталниот дел на банката во поединечното друштво, заедно со останатата кредитна изложеност на која се однесува лимитот од став 1 на ова точка, не смее да надмине 25% од гарантниот капитал на банката.

9. Кредитната изложеност спрема внатрешни лица и лица поврзани со нив, не смее да надмине 3% од гарантниот капитал на банката.

10. Согласно точка 5 од оваа одлука, како внатрешни лица се сметаат и физичките лица членови на Управниот одбор и Одборот за ревизија. Лимитот од точка 9 од оваа одлука се однесува и на кредитната изложеност на банката спрема овие физички лица и лицата поврзани со нив. При тоа како лица поврзани со нив, во смисла на оваа одлука, не се сметаат правните лица акционери на банката кои ги назначиле тие физички лица за нивни претставници во Управниот одбор или Одборот за ревизија на банката. За вкупната кредитна изложеност на банката спрема акционерите и лицата поврзани со нив (вклучувајќи ги и физичките лица нивни претставници во Управниот одбор и Одборот за ревизија) важат лимитите од точка 6 и точка 7, во зависност од учеството на акционерот во вкупниот број на акции со право на управување.

11. Вкупниот износ на кредитната изложеност спрема субјектите од точките 7, 8 и 9 не смее да го надмине гарантниот капитал на банката.

12. Голема кредитна изложеност спрема поединечен субјект претставува изложеност еднаква или повисока од 10% од гарантниот капитал.

13. Вкупниот износ на големи кредитни изложености не смее да го надмине осумкратниот износ на гарантниот капитал на банката.

## IV. ИЗВЕСТУВАЊЕ И ИНТЕРНИ СИСТЕМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КРЕДИТНИТЕ ИЗЛОЖЕНОСТИ

14. Банката е должна да има адекватен информационен систем и политики и процедури за следење на кредитната изложеност спрема поединечни субјекти, систем за идентификување и следење на поврзаноста на комитентите помеѓу себе, со акционерите и со внатрешните лица на банката, да води сметка за вкупната кредитна изложеност спрема поединечни субјекти и да води сметка односот на вака утврдената вкупна кредитна изложеност и гарантниот капитал на банката да биде во рамките на одредбите од Законот за банките.

15. Најдоцна до 31 јануари секоја година, откако извршиле увид во списокот на акционери и кредитокорисници на банката, внатрешните лица и акционерите сопственици на акции со право на управување чие учество е над 5% од вкупниот број на акции со право на управување, пополнуваат изјава во која ќе ги наведат физичките и правните лица комитенти на банката (акционери и кредитокорисници) кои се поврзани со нив, согласно Одлуката за дефинирање и начинот на утврдување на поврзани субјекти во согласност со Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 28/2001). Доколку некое физичко или правно лице поврзано со внатрешно лице поднесе барање за кредитна изложеност во банката, пред одобрувањето, внатрешното лице кое е поврзано со заемобарателот е должно во истиот момент писмено да го извести органот на банката кој одлучува за одобрувањето на кредитната изложеност за постоењето на поврзаноста.

16. Банката има обврска да води и постојано да го ажурира списокот на внатрешни лица и акционери на банката сопственици на акции со право на управување чие учество е над 5% од вкупниот број на акции со право на управување и лицата поврзани со нив и за секоја промена навремено да ја информира Народна банка во Република Македонија.

17. Банката не смее да одобри кредитна изложеност на нов заемобарател без да обезбеди документација за сопственичката структура и составот на органите на управување на заемобарателот и без да ги изврши неопходните проверки за поврзаноста на заемобарателот со останатите кредитокорисници на банката, акционерите и внатрешните лица на банката.

Банката е должна постојано да ја ажурира документацијата за сопственичката структура и составот на органите на управување на постојаните комитенти на банката.

18. Кредитните изложености спрема поединечни субјекти, се одобруваат врз основа на одлука на органот на банката кој одобрува кредитни изложености, согласно кредитните политики и процедури на банката, при што одеднаш или секое постапно надминување на кредитната изложеност спрема поединечни субјекти од над 10% од гарантниот капитал, се одобрува со одлука на Одборот за раководење со ризикот.

Внатрешното лице на кое му се одобрува кредитна изложеност, или кое е поврзано со лицето на кое му се одобрува кредитна изложеност, заради постоење на заемен интерес и конфликт на интереси, согласно член 68 од Законот за банките не смее да учествува во донесувањето на одлуката за одобрување на кредитна изложеност.

19. Кредитна изложеност спрема акционерите, внатрешните лица и лицата кои се поврзани со нив, не може да се одобрува по поповолни услови од кредитните изложености кои им се одобруваат на другите заемобаратели, ниту пак во себе да вклучуваат поголем кредитен ризик од вообичаениот.

20. За сите случаи на пречекорување на законските лимити за кредитната изложеност спрема поединечен субјект утврдени во член 35 и член 36 од Законот за банките каде причината за пречекорувањето не е директно предизвикана од страна на банката (пр. спојување или припојување на две правни лица), банката е должна во рок од 5 работни дена да ја извести Народна банка на Република Македонија. Известувањето треба да содржи и предлог корективни активности кои што банката ќе ги преземе за надминување на настанатата неусогласеност со законската регулатива, како и да содржи динамика за примена на тие активности.

Народна банка на Република Македонија може да утврди краен рок за усогласување на банката со законските лимити.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

21. Банката составува извештај за спроведувањето на оваа одлука според книговодствената состојба на 31.03., 30.06., 30.09. и 31.12. и го доставува до Народна банка на Република Македонија.

Рокот за доставување на извештајот со состојба на 30.06. и 31.12. е 5 работни дена по истекот на рокот за доставување на периодичната пресметка или годишната сметка.

Рокот за доставување на извештајот со состојба на 31.03. и 30.09. е 15 работни дена по истекот на периодот за кој се доставува извештајот.

Рокот за доставување на изјавите од точка 15 на оваа одлука е 10 февруари секоја година.

22. На посебно барање на Народна банка на Република Македонија банката е должна да изготви извештај со состојба на друг ден и во друг рок кои се различни од состојбата и рокот определени во точка 21 од оваа одлука.

23. Првиот извештај од точка 21 од оваа одлука банката е должна да го изготви со состојба на 31.03.2002 година и да го достави до Народна банка на Република Македонија најдоцна до рокот утврден во точка 21 од оваа одлука.

24. Народна банка на Република Македонија ги пропишува Упатството и образецот на извештајот за спроведувањето на оваа одлука.

25. Одредбите од оваа одлука што се однесуваат на банките се применуваат и на штедилниците, освен одредбата од точка 6 на оваа одлука за која што важат лимитите утврдени со Одлуката за утврдување на обемот и начинот на работење на штедилниците ("Сл. весник на РМ" бр. 111/2000).

26. На банките основани со посебен Закон ќе се применуваат лимитите определени со тој закон.

27. Оваа одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во "Службен весник на РМ", а точките 2, 14, 15, 16, 17, 20, 21, 22 и 23 ќе почнат да се применуваат сметано од 31.03.2002 година.

О.бр.02-15/LXXXVIII-1/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**839.**

Врз основа на член 16 став 2 и член 63 став 1 точка 30 од Законот за НБРМ ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96 и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21. 05. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, НАПЛАТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА КАМАТАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за начинот на пресметување, наплатување и плаќање на каматата и надоместокот на Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 27/92, 32/92, 82/92 и 6/94) точката 3 се менува и гласи:

"Каматата на средствата на задолжителна резерва на банките кај Народна банка се пресметува по истекот на периодот на одржување на задолжителна резерва и се плаќа во рок од 8 дена по истекот на периодот на одржување на задолжителна резерва".

2. Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXXXVIII-2/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**840.**

Врз основа на член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96 и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21. 05. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ И СОДРЖИНАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

1. Во Одлуката за начинот на доставување и содржината на податоците за дневната ликвидност на банките и штедилниците ("Сл. весник на РМ" бр. 24/2000) се вршат следните измени и дополнувања:

- во точката 2, реден број 7 се бришат зборовите: "(сметка 2540)" и се додаваат три потточки:

7а) "девизни своп трансакции за обезбедување денарска ликвидност (сметка 1920)"

7б) "девизни своп трансакции за повлекување денарска ликвидност (сметка 2920)"

7в) "девизни своп трансакции за обезбедување денарска ликвидност во крајна инстанца (сметка 2540)";

- во точка 2, во реден број 11, во формулата за пресметка на нето состојбата на банката, се брише бројот "7", а се додаваат броевите "7а, 7б и 7в", при што новата формула за пресметка на нето состојбата гласи "(1+2+3-4+5-6-7а+7б-7в+8а-8б+9+10а-10б)".

2. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXXXVIII-3/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**841.**

Врз основа на член 10, 11 и 19, став 3 точка 3 и член 63 точка 9 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21. 05. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, ИЗДВОЈУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НИВНАТА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

1. Во точка 2 од Одлуката за пресметување, издвојување и користење на задолжителна резерва на банките за одржување на нивната дневна ликвидност ("Сл. весник на РМ" бр. 62/95, 9/96, 53/96, 65/96, 26/97, 21/99 и 24/2000) се вршат следните измени:

- во алинеја 1 процентот "8" се заменува со процентот "8,5"
- во алинеја 2 процентот "3,5" се заменува со процентот "4".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О. бр. 02-15/LXXXVIII-4/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**842.**

Врз основа на член 16 став 2 и член 63 точка 14 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21. 05. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ И ЗА СТАПКИТЕ НА НАДОМЕСТОТ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки и стапките на надоместот на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 7/97, 13/98 и 111/2000) се врши следната измена и тоа:

- во точка 9 во став 1 и 2 процентот "80,00%" се заменува со процентот "89,00%".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О. бр. 02-15/LXXXVIII-5/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**843.**

Врз основа на член 15 став 1 точка 2, член 16 став 2 и член 63 став 1 точка 11 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98) и точка 4 од Одлуката за начинот и условите на одобрување на краткорочни кредити на банките со залог на определени хартии од вредност, Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21. 05. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНАТА СТАПКА НА ЛОМБАРДНИТЕ КРЕДИТИ ОДОБРЕНИ ОД СТРАНА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во точката 2 од Одлуката за каматната стапка на ломбардните кредити одобрени од страна на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 33/2000), процентот "17,50" се заменува со "19,00".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О. бр. 02-15/LXXXVIII-6/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**844.**

Врз основа на член 5 точка 4 од Законот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001) и член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/96 и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21. 05. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАНДАРД ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА СМЕТКИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

1. Со оваа одлука се утврдува стандардот за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет отворени кај носителите на платен промет за извршување на платен промет во земјата.

2. Бројот на сметка преку која се врши платен промет во земјата се состои од 15 цифри.

3. Носителите на платен промет го формираат бројот на сметка на следниот начин:

- 3 цифри за водечкиот број на носителот на платен промет,
- 10 цифри за број на сметка во рамките на системот на носителот на платен промет и
- 2 цифри за контролен број.

4. Водечкиот број служи за идентификација на носителот на платен промет и не смее да се повторува. Тој е единствен за секој носител на платен промет.

Водечкиот број на носителите на платен промет во земјата го одредува Народна банка на Република Македонија со посебна Одлука.

5. Бројот на сметка во рамки на системот на носителот на платен промет служи за идентификација на сметката. Овој број мора да биде единствен и неповторлив за секоја сметка во рамки на системот на носителот на платен промет.

6. Контролниот број се пресметува по меѓународниот стандард ИСО 7064 со примена на системот "модул 97-10".

7. Сметките кои се водат во Заводот за платен промет ја задржуваат својата конструкција, при што како водечки број на Заводот за платен промет се смета бројот "4", сé до престанувањето со работа на Заводот за платен промет, согласно со Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

8. Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXXXVIII-7/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**845.**

Врз основа на член 5 точка 5 од Законот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001), член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/96 и 37/98) и точка 4 од Одлуката за утврдување на стандард за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 41/01), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII седница, одржана на 21. 05. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ВОДЕЧКИ БРОЈ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

1. На постоечките банки им се утврдуваат следните водечки броеви:

| | Назив на банка | Водечки број |
|---|---|---|
| 1. | Народна банка на Република Македонија | 100 |
